## Обраќање на министерот Владо Мисајловски по повод прием на питомци и слушатели за служби за офицери

10.11.2025, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски"- Скопје

Почитувана претседателка, Гордана Силјановска Давкова

Почитуван началник на Генералштабот, генерал – мајор Сашко Лафчиски,

Почитуван, декан на Воената Академија, полковник Ненад Танески

Почитувани амбасадори и одбранбени аташеи,

Почитувани претставници на медиумите,

Драги гости,

Денеска тука на Воената Академија „Генерал Михаило Апостолски" го одбележуваме почетокот на едно ново поглавје за сите вас – млади, мотивирани патриоти кои избравте да бидете дел од Армијата. Ви честитам затоа што се одзвавте на повикот кој значи чест, одговорност, дисциплина и посветеност во службата.

Зголемените безбедносни предизвици и закани на регионално и глобално ниво, во време кога мирот и стабилноста се под постојана закана на глобално ниво, јасна ни е потребата од секој еден од вас, кои ќе ја зацврстите нашата заедничка безбедност.

Повеќе од драго ми е што вашиот избор е Воената академија. Таа е нашиот симбол на извонредност – високо образовна институција која повеќе од 30 години создава лидери, кои со знаење и патриотизам ја носат одговорноста за безбедноста и стабилноста на нашата држава. Препознаени дома, но и во регионот, за што говори и интересот на нашите сојузници и партнери да ги образуваат своите идни офицери токму тука.

Почитувани питомци и идни офицери,

Исполнети со очекувања и ентузијазам, овој ден кога ја давате свечената заклетва ќе остане засекогаш врежан во вашите сеќавања затоа што полагањето на заклетва е ветување кон државата, кон вашите најблиски и најважно, ветување пред самите себе.

Униформата која што денеска со гордост ја носите, секогаш нека ве потсетува на одговорноста и вредностите кои ги браните. Затоа што од денеска вие припаѓате на едно големо армиско семејство, каде интегритетот и лојалноста кон татковината се вредности кои се пренесуваат од генерација на генерација, и се секогаш и силни и инспиративни.

Во деновите пред вас ве очекуваат предизвици кои ќе ја стават на тест вашата физичка подготвеност, но и психичка издржливост. Ќе научите како да ги совладате вештините на воената професија, ќе научите кога треба брзо да реагирате, да бидете одлучни, но истовремено и трпеливи. Процесот на воената едукација ќе ве научи и дека вистинската сила и умешност не е само во знаењето и вештините кои ќе ги стекнете, туку и во посебноста на вашите карактери, во истрајноста и во вербата дека служите на нешто многу поголемо од себе.

Затоа од секој еден од вас очекувам да биде пример на чесност, професионализам и човечност и не заборавајте со искреност и доверливост да ги негувате другарството и заедништвото, затоа што Армијата е силна колку што е силна довербата помеѓу луѓето.

Ве охрабрувам да градите цврсти врски и пријателства со колегите од Црна Гора и Босна и Херцеговина затоа што заедничката работа на Академијата денес е проекција на идната синергија со сојузниците и

партнерите. Вашата улога е од витално значење за Армијата и нејзината посветеност и подготвеност кон реализација на националните и сојузничките цели.

Секој напор што ќе го вложите, ќе ви помогне во вашата трансформација како професионалци, но и како личности, а за тоа сум сигурен дека големо влијание ќе имаат и вашите професори и ментори. Верувајте во нив, во принципите кои ги обединуваат и знаењето кое секогаш се подготвени да го споделат со вас.

Почитувани,

Дозволете ми на крај да изразам благодарност и до вашите семејства, за нивната верба во вас и во Армијата. Тие се вашата потпора и извор на инспирација. А вие не заборавајте дека да ѝ служите на татковината е највисоката привилегија, но и најголемата одговорност.

Ви честитам на свечено дадената заклетва!